**ЗАПИСНИК**
**од 21-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС,**
**Скопје, 30 мај, 2024 г.**
**(простории на општина Центар)**

**<u>Присутни</u>:** Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Изабела Павловска (Претседател на совет на Општина Крива Паланка), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Борис Стојанов (со овластување од Костадин Костадинов Градоначалник на Општина Струмица), Никола Стојковски (со овластување од Дарко Костовски, Градоначалник на Општина Бутел).

<u>Дискусија</u>:

На оваа седница Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои и расправаше по следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Одлука за свикување на шестата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Усвојување на предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година;
3. Одлука за формирање на Комисија за животна средина и комунални дејности;
4. Одлука за формирање на Комисија за социјална заштита и социјална инклузија;
5. Избор на општина за вклучување во Проектот „Нов бран на соработка“, имплементиран во рамките на програмата U-LEAD со Европа – размена на искуства со општина од Украина;
6. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за свикување на шестата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Претседателот на ЗЕЛС го предложи 12 јуни 2024, 12 часот, хотел Александар Палас, Скопје за одржување на шестата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС. На таа седница се најавува и присуството на следниот мандатар за формирање на владата, г-дин Христијан Мицкоски кој се очекува да го презентира и пакетот на предвидени мерки за подобрување на состојбите во локалната самоуправа и тоа посебно најавените средства во износ од 250 милиони евра годишно предвидени за финансирање на капитални проекти на општините. Во однос на дневниот ред на седницата ќе се предложи донесување на одлука за усвојување на Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година, ќе има обраќање на Претседателот на ЗЕЛС околу активностите на ЗЕЛС преземени во минатиот период и точка разно.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС одлучи шестата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС да се одржи на 12 јуни 2024, со почеток во 12 часот, хотел Александар Палас, Скопје;
.

**ВТОРА ТОЧКА**: Усвојување на предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година;

Пред присутните членови беа претставени двата документи: наративниот и финансискиот извештај за работата на ЗЕЛС во 2023 година. Се констатира реализација од 90% на буџетот, нема дефицит и поголемиот дел од расходите ги опфаќаат одржувањето на електронските системи, спроведувањето на обуки за општинската администрација и други тековни трошоци за плати и одржување. И во минатата година во однос на приходите останува предизвикот со целосната наплата на членарината. И покрај достапните механизми за исплата на долгот на рати сеуште голем број на општини не ја подмируваат редовно оваа обврска. Оттука, беше даден апел за редовно подмирување на оваа обврска.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор даде позитивно мислење за предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2023 година, и ги предложува на Генералното собрание на ЗЕЛС за усвојување.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за формирање на Комисија за животна средина и комунални дејности

Со оглед на зголемениот фокус на ЗЕЛС сега и со спроведување и вклученост во повеќе проекти од областа животна средина и комунални дејности, се предложи формирање на Комисија за животна средина и комунални дејности. Управниот одбор на ЗЕЛС го предложи следниот состав на седумчлена комисија:

1. Стевче Стевановски, општина Новаци
2. Миле Петков, општина Виница
3. Стефче Трпковски, општина Сопиште
4. Љупчо Папазов, општина Кочани
5. Нухи Незири, општина Теарце
6. Димчо Атанасовски, општина Македонска Каменица
7. Еркан Арифи, општина Липково.

Овој предлог состав беше едногласно усвоен.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука за формирање на Комисија за животна средина и комунални дејности, која ќе се состои од 7 членови, градоначалници и тоа:

1. Стевче Стевановски, општина Новаци
2. Миле Петков, општина Виница
3. Стефче Трпковски, општина Сопиште
4. Љупчо Папазов, општина Кочани
5. Нухи Незири, општина Теарце
6. Димчо Атанасовски, општина Македонска Каменица
7. Еркан Арифи, општина Липково.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за формирање на Комисија за социјална заштита и социјална инклузија;

Потребата од посебна анализа на досегашниот процес на децентрализација во социјалната заштита и иницирање на продолжување со децентрализацијата ја налага потребата од формирање Комисија која подетално ќе дискутира по прашања од оваа област, посебно што ЗЕЛС во соработка со НАЛАС, со финансиска поддршка од ГИЗ, веќе спроведува и проект од оваа област. Комисијата се очекува да даде значителен придонес во утврдување на насоките и подобрување на состојбите со оваа надлежност. Се предложи оваа комисија да брои 10 членови и тоа во овој состав:

1. Максим Димитриевски, општина Куманово
2. Митко Јанчев, општина Кавадарци
3. Ридван Ибраими, општина Арачиново
4. Бобан Стефковски, општина Гази Баба
5. Горан Трајковски, општина Делчево
6. Марко Колев, општина Велес
7. Билал Касами, општина Тетово
8. Борче Јовчески, општина Прилеп
9. Горан Герасимовски, општина Центар
10. Иван Јорданов, општина Штип

Овој предлог состав беше едногласно усвоен.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука за формирање на Комисија за социјална заштита и социјална инклузија во следниот состав:

1. Максим Димитриевски, општина Куманово
2. Митко Јанчев, општина Кавадарци
3. Ридван Ибраими, општина Арачиново
4. Бобан Стефковски, општина Гази Баба
5. Горан Трајковски, општина Делчево
6. Марко Колев, општина Велес
7. Билал Касами, општина Тетово
8. Борче Јовчески, општина Прилеп
9. Горан Герасимовски, општина Центар
10. Иван Јорданов, општина Штип

**ПЕТТА ТОЧКА:** Избор на општина за вклучување во Проектот „Нов бран на соработка“, имплементиран во рамките на програмата U-LEAD со Европа – размена на искуства со општина од Украина;

Повикот за овој проект беше доставен до сите општини, со услов општината која ќе изрази интерес да има ја има подмирено обврската за членарина кон ЗЕЛС. Проектот се однесува на воспоставување на партнерство и соработка по принцип на солидарност со една украинска општина преку кое со учење и размена би се зголемиле знаењата и капацитетите на општините во Украина. Управниот одбор одлучи општина домаќин за овој проект да биде општина Радовиш.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор одлучи општина домаќин на претставниците од една украинска општина во рамките на Проектот „Нов бран на соработка“, имплементиран во рамките на програмата U-LEAD со Европа да биде општина Радовиш.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. **Дискусија по отворени прашања и проблеми на општините, потреба од ажурирање на Систематизираните ставови на ЗЕЛС.**

Во пресрет на формирање на новата влада членовите на Управниот одбор ја истакнаа потребата од ажурирање на Систематизираните ставови со нови барања за надминување на состојбите во локалната самоуправа. За таа цел веќе изготвениот документ Систематизирани ставови кој беше усогласен и ажуриран во минатите седници на Управниот одбор, уште еднаш да се достави до сите општини за евентуално дополнувања, и на првата средба со претставниците на владата да се презентира. Исто така, еден од приоритетните чекори треба да биде потпишувањето на нов Меморандум за соработка со Владата.

**ЗАКЛУЧОК**: Се задолжува службата на ЗЕЛС да ги достави до сите општини на разгледување и дополнување Систематизираните ставови на ЗЕЛС.

2. **Барање до ЕВН за доставување на извештај со податоци за фактурирани износи и наплатени износи на комуналната такса.**

**ЗАКЛУЧОК**: Од причина што ЕВН во име на општините ја наплатува комуналната такса, а за фактурираниот и наплатениот износ досега до општините не доставувал извештај колку од тој фактуриран износ е наплатен, сознанијата велат дека општините по овој основ имаат многу загуби. Веќе од страна на општините има сознанија за разлики, ЕВН не тужи за евентуална не наплата на средствата од комуналната такса. Со оглед на овие разлики општините се оштетени и без овие податоци не можат да преземат дејствија за наплата, се бара организирање на итен состанок со менаџментот на ЕВН со претходно писмено барање до нив за добивање на овие податоци.

3. **Дискусија во однос ситуацијата со распределбата на средствата за одржување, реконструкција и рехабилитација на локалните патишта**

Управниот одбор на минатата седница го разгледа извештајот од спроведената Ревизија во Јавното претпријатие за државни патишта каде што е забележана несоодветна распределба на средствата по општини за одржување, реконструкција и рехабилитација на локалните патишта, за периодот од 2017 до 2023 г. ЗЕЛС по овие наоди достави до сите општини прашалник за потребата ЗЕЛС во име на општините да ангажира адвокат за застапување за надоместување на овие неисплатени средства, но одзивот на одговори беше мал.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор да побара од Државниот завод за ревизија до ЗЕЛС да ги достави сите податоци во однос на распределбата на средствата по општини за да може да изврши анализа колку средства на која општина и се ускратени, а ќе се обрати и до Владата со барање за настанатиот пропуст (кој се забележува и оваа година), ретроактивна исплата, зошто во спротивно ќе ги повика општините секоја поединечно со тужба да ги надомести неисплатените средства.

4. **Дискусија во однос на состојбата со третман и згрижување на кучиња скитници.**

Присутните отворија дискусија во однос на состојби во оваа област, огромниот број на загрижени граѓани и немили случаи, состојби на пренесување на кучињата скитници од една во друга општина и големиот број на финансиски одливи кои општините ги имаат заради овој проблем. Членовите на Управниот одбор споделија искуства со веќе воспоставените регионални стационари за третман и згрижување на кучињата скитници и дури и кај нив останува голем предизвик финансирањето на оваа активност. Предлог закон за измени и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните за кој има сознанија дека е во собраниска постапка не бил доставен на мислење до ЗЕЛС. За да може да се надминат ваквите состојба, потребно е да се изготви иницијатива за да се регулираат прашањата на плаќање на надоместок, да се отвори прашањето за осигурување од каснување и друга штета од кучиња скитници.

ЗЕЛС треба да побара да се преземе единствена акција за справување со овој проблем заради заштита на граѓаните истовремено третирајќи ги кучињата скитници согласно пропишани современи стандарди.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС одлучи овој проблем да биде третиран како приоритетен со цел негово итно надминување, и се бара во најскоро време да се организира дебата со сите засегнати институции, влада, општините, Агенцијата за храна и ветеринарство и граѓанските здруженија за заштита на животните заради утврдување на усогласен предлог за изменување и дополнување на прописите со кои ќе се променат лошите констатирани состојби во оваа област.

**Составил:**

**На ден 30 мај, 2024 г. во Скопје**

Стручна служба на ЗЕЛС

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце Ѓорѓиевски**